*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 8 2 јуни 2006 година Ш т и п | ГОДИНА XLIII |
|---|---|---|

137.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ИСАР"-ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување членови и именување член на Управниот одбор на ЈП"Исар"-Штип.
.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1662/2
2 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

138.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ", број 38/96, 6/02 и 49/06) и член 21 точка 34 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 24 мај 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ИСАР"-ШТИП

1. Од Управниот одбор на ЈП "Исар"Штип-претставници од локалната самоуправа, по негово барање **се разрешува Стојче Самарџиев**.

2. Од Управниот одбор на ЈП "Исар"Штип-претставници од вработените во претпријатието по сила на закон **се разрешуваат Миле Димитров и Симеончо Донев**.

3. Во Управниот одбор на ЈП "Исар"Штип-претставници од локалната самоуправа **се именува Борче Везенков**.

4. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1662/1
24 мај 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

139.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА
УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување членови на Управниот одбор на ЈП"Штип-проект"- Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1663/2
2 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

140.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96, 6/02 и 49/06) и член 21 точка 34 од Статутот на

Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 24 мај 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП

1. Од Управниот одбор на ЈП "Штип-проект" - Штип, по сила на Законот, **се разрешуваат Сашко Протогеров и Тони Михајловски,** претставници на вработените во претпријатието.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1663/1
24 мај 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

141.

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 38 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), градоначалникот на Општината Штип, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТОЈБАТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ИСАР"-ШТИП БРОЈ 0701-1664/1 ОД 24 МАЈ 2006 ГОДИНА

1. Се запира објавувањето на Одлуката за состојбата во Јавното претпријатие "Исар" број 0701-1664/1 донесена на седницата на Советот на Општината Штип одржана на 24 мај 2006 година.
2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

### О б р а з л о ж е н и е

Со одредбите на член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа е дадено право на градоначалникот да запре објавување на пропис донесен од Советот на Општината доколку смета дека истиот не е во согласност со Уставот и законите.

Согласно овие одредби го донесувам Решението од следните причини:

Со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) е дадено правото на градоначалникот да избира директори на јавните служби кои ги основала Општината врз основа на јавен

конкурс, кое право градоначалникот го искористи со поставување ВД директор на ЈП "Исар"-Штип.

Советот на Општината Штип на седницата одржана на 24 мај 2006 година донесе Одлука за состојбите во ЈП "Исар" број 0701-1664/1 со која, спротивно на своите надлежности, односно спротивно на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа и член 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06) го задолжува градоначалникот во рок од 8 дена да распише јавен конкурс за избор на директор на ЈП "Исар". Исто така, со член 4 на напред наведената Одлука, Советот ја задолжува општинската администрација (стручни служби на Советот) да покренат постапка за поништување на Решението за именување вршител на должноста на директор на ЈП "Исар"-Штип, што е спротивно на член 23 и 24 од Законот за државните службеници.

Според напред наведеното донесувањето на Одлуката е спротивно со член 51 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ", број 52/91) според кој сите прописи мора да бидат во согласност со Уставот и законите.

Број 08-1664/2
2 јуни 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 137. | Решение за објавување на Решението за разрешување членови и именување член на Управниот одбор на ЈП "Исар"-Штип | 169/8 |
| 138. | Решение за разрешување членови и именување член на Управниот одбор на ЈП "Исар"-Штип | 169/8 |
| 139. | Решение за објавување на Решението за разрешување членови на Управниот одбор на ЈП "Штип-проект"-Штип | 170/8 |
| 140. | Решение за разрешување членови на Управниот одбор на ЈП "Штип-проект"-Штип | 170/8 |
| 141. | Решение за запирање на објавувањето на Одлуката за состојбата во Јавното претпријатие "Исар" број 0701-1664/1 од 24 мај 2006 година | 171/8 |